Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 23.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
| 03 | 2492/3 | 0 | |

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 2 ноември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-11186/1

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**С К О П Ј Е**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација" на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 40-11186/1 од 2 ноември 2021 година.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri**

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово
- Агенцијата за квалитет во високото образование

Подготвил: м-р Марија Арсова
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | [illegible] | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / [illegible] | Numri / Број / No. | Shtojce / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 2492/4 | 0 | |


Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, дава

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-426/6 од 13.7.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, достави барање бр. 03-2492/2 од 30.8.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-781/1 од 31.8.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-781/2 од 10.9.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 17.9.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-781/3 од 21.9.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“ на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

[1] 03-2492/4 [2021]

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 40-11186/1**
**2 ноември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 30 09 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Njësia org / Орг. единица / Org. unit | Numër / Број / Number | Bashkangj / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 354 | 3 | |

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 14 септември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-9769/1

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**С К О П Ј Е**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација", на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 40-9769/1 од 14 септември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri**

Република Северна Македонија • ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • Republika e Maqedonisë së Veriut • QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**ПРИЛОГ: 1**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**- Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово**
**- Агенцијата за квалитет во високото образование**

Подготвил: Христијан Николов
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 30.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Број | Прилог | Вредност / Value |
| 03 | 354/4 | 0 | |


Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 септември 2021 година, дава

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“, на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“, на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 1409-416/4 од 26.1.2021 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет на Југоисточна Европа–Тетово, се обрати со Барање бр. 03-354/2 од 17.2.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под бр. 08-46/1 од 17.2.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“, на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-46/2 од 22.2.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 1.3.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-46/3 од 31.3.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на студии по „Јавна управа и администрација“, на англиски јазик, на Факултетот за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

[1] 03-354/4 [2021]

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-9769/1
14 септември 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr. Artan Grubi